20 Години
Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

NED
NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD



# КЛУЧНИ „ИГРАЧИ“ И КОНКУРЕНЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ЗДРАВСТВОТО

## ИСТРАЖУВАЊЕ

за корупциските ризици во јавните набавки

во здравствениот сектор

во периодот од 2015 до 2024 година

Клучни „играчи“ и конкуренција во јавните набавки во здравството

Истражување за корупциските ризици во јавните набавки во здравствениот сектор
во периодот од 2015 до 2024 година

**Издавач:** Центар за граѓански комуникации

**Автори:** Герман Филков, Сабина Факиќ и Марко Митевски

**Лектура:** Татјана Б. Ефтимоска

**Графички дизајн:** Бригада Дизајн

**Електронско издание**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.352:[35.073.53:614.2(497.7)"2015/2024"(047.31)

ФИЛКОВ, Герман

Јавното здравство троши сè повеќе, а дава сè помалку [[Електронски извор]] : истражување за корупциските ризици во јавните набавки во здравствениот сектор во периодот од 2015 до 2024 година / Герман Филков, Сабина Факиќ и Марко Митевски ; преведено од македонски на англиски јазик од преведувач Катерина Димишковска ; преведено од македонски на албански јазик од преведувач Агон Исмаили. - Текст во пдф формат, содрж.

44 стр. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2025

Начин на пристапување (URL): zdravstvo korupcija javni nabavki.pdf

Фусноти кон текстот. - Текст на мак, анг. и алб. јазик. - Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден
20.11.2025 год. - Содржи и: Public healthcare spends more but provides less: research on corruption risks in healthcare public procurement in the period 2015-2024 / German Filkov, Sabina Fakic and Marko Mitevski ; Sistemi i shëndetësisë shpenzon gjithnjë e më tepër, ndërsa jep gjithnjë e më pak: hulumtim mbi rreziqet nga korrupsioni në prokurimet publike në sektorin e shëndetësisë gjatë periudhës 2015 – 2024 / German Filkov, Sabina Fakic and Marko Mitevski

ISBN 978-608-4974-47-5

1. Факиќ, Сабина [автор] 2. Митевски, Марко [автор]

а) Јавни набавки – Здравствен сектор – Ризици од корупција – Македонија – 2015-2024 – Истражувања

COBISS.MK-ID 67506437

# КЛУЧНИ „ИГРАЧИ“ И КОНКУРЕНЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ЗДРАВСТВОТО

## ИСТРАЖУВАЊЕ

за корупциските ризици во јавните набавки
во здравствениот сектор
во периодот од 2015 до 2024 година

Скопје, декември 2025

# СОДРЖИНА

1. КЛУЧНИ НАОДИ .......... 5

2. КОНТЕКСТ И МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП .......... 7

3. ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ .......... 8

# 1. КЛУЧНИ НАОДИ

- Во последната декада вредноста на склучените договори за јавни набавки во здравството е зголемена повеќе од двојно, од 135 милиони евра во 2015 година на 293 милиони евра во 2024 година[1]. Истовремено, бројот на фирми кои добиле договори пораснал за само 12 %, од 765 на 853 компании. Овој тренд укажува дека зголемената потрошувачка во здравството не довела до поширока конкуренција, туку средствата и понатаму се концентрираат кај ограничен број добавувачи.

- Во периодот 2015 – 2024 година, со растот на вредноста на тендерите, се забележува мала промена во структурата на фармацевтските компании кои имаат најголем удел на пазарот на јавни набавки во здравството. Во 2015 година, десетте најголеми фирми добиле договори во вредност од 83 милиони евра и учествувале со 62 % во вкупната вредност на договорите, додека во 2024 година, добиле 145 милиони евра и имаат удел од 49 %. Ова укажува на умерено намалување на концентрацијата. Воедно, пазарот е доминиран од неколку големи добавувачи кои низ годините ја зацврстиле својата позиција.

- Две компании – „Алкалоид Конс" и „ Д-р Пановски", во последната деценија ја зацврстиле својата доминација во јавните набавки во здравството и сега контролираат една четвртина од вкупната вредност на тендерите во овој сектор. Нивниот удел се зголемува на третина кога се анализираат само набавките на лекови, медицински потрошен материјал, медицинска опрема и слично, односно кога се анализира јадрото на здравствените набавки.

- Во изминатата декада, само 10 фирми добиле договори за јавни набавки во секторот здравство во вредност од над 1 милијарда евра, односно повеќе од половина (53 %).

- Низ годините расте вредноста на тендерите што најголемите добавувачи во здравството ги добиваат во постапки во кои биле единствени понудувачи и немале конкуренција. Просечно гледано, ако пред 5 години најголемите фармацевтски компании немале конкуренција во третина од вредност на договорите (33 %), сега ја немаат во повеќе од половина од склучените договори (55 %).

- Гледано на ниво на програми, набавката на лекови и на потрошен материјал за третирање дијабетес ја следи двојно зголемување на трошоците и раст на доминацијата на една фирма.

- Пазарот на вакцини е високо концентриран и дури 75 % од вредноста на вакцините се обезбедуваат од една фирма. Дури 97 % од вредноста на договорите за имунизација на населението во периодот јануари 2024 – декември 2026 година се склучени во постапки во кои била доставена по само една понуда.

1 За обемот на јавните набавки во здравството подетално прочитајте во истражувањето „Јавното здравство троши сè повеќе, а дава сè помалку".

- Договорите за набавка на лекови за ретки болести во 2024 година се склучени со 11 фирми, но 4 од нив се носители на 86 % од вредноста на тендерите. Половина од вредноста на договорите е склучена во тендерски постапки во коишто изостанала конкуренцијата.
- Во набавките на реагенси, тестови и материјали за лабораториски испитувања – три фирми контролираат 86 % од пазарот кај јавните здравствени институции.
- Примената на црвеното знаменце на Бирото за јавни набавки, наречено „колузија и договарање“, каде што индикатор е високата концентрација на доделени договори кај еден или мал број понудувачи, ги исфрла во црвената зона дури 9 од 10-те јавни здравствени установи со најголем обем на тендерите.

# 2. КОНТЕКСТ И МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Одржливото финансирање на здравството кое успева да одговори на потребите на граѓаните претставува клучен предизвик за сите земји, без разлика на нивото на економски развој. Системите на здравствена заштита се соочуваат со постојан притисок да обезбедат квалитетни услуги во услови на ограничени ресурси, растечки трошоци и зголемени очекувања на населението. Затоа, од суштинско значење е не само колку средства се издвојуваат, туку и колку ефикасно и транспарентно се трошат тие средства. Еден од најзначајните внатрешни извори за подобрување на ефикасноста во трошењето е токму системот на јавни набавки – механизмот преку кој се обезбедуваат лекови, медицинска опрема и услуги од витално значење за функционирањето на здравствениот систем. Поефикасното спроведување на јавните набавки и максимизирањето на вредноста за потрошените пари претставува важен предуслов за обезбедување подобри здравствени услуги, без дополнителен финансиски товар врз буџетот.

Сите достапни сознанија – и научни и емпириски – упатуваат на заклучокот дека ниската стапка на конкуренција претставува еден од клучните фактори што има директно негативно влијание врз ефикасноста и интегритетот на јавните набавки. Недостатокот на конкуренција може да резултира со повисоки цени, со пониска вредност за вложените средства и со намалена доверба на јавноста во системот.

Целта на ова истражување е да го утврди нивото на конкуренција во јавните набавки во секторот здравство во период од една декада (2015 – 2024 година). Во истражувањето се анализира нивото на концентрација на договорите за јавни набавки кај одреден број фирми, како и промените кои можат да се утврдат во однос на конкуренцијата во анализираниот период. Поконкретно, конкуренцијата е прикажана не само на ниво на целиот здравствен сектор, туку и на ниво на поединечни договорни органи и економски оператори со цел да се утврди трендот на пораст или опаѓање на доминацијата на одредени фирми.

Посебен фокус во истражувањето е ставен врз тендерите во кои изостанала конкуренцијата, односно каде што договорите се склучени врз основа на само една понуда. Во услови кога расте бројот на вакви договори, тоа се смета за еден од најсилните индикатори за зголемен корупциски ризик и за намалена транспарентност во јавните набавки во здравството.

Пресметките за вредноста на јавните набавки на ниво на компании се направени врз основа на вредноста на склучените договори.

Ова истражување се спроведува во рамките на проектот „Спречување на корупцијата во јавните набавки во здравството“, што го спроведува Центарот за граѓански комуникации со финансиска поддршка на НЕД.

# 3. ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ

**Во последната декада, вредноста на склучените договори за јавни набавки во здравството е зголемена повеќе од двојно, од 135 милиони евра во 2015 година на 293 милиони евра во 2024 година[2]. Истовремено, бројот на фирми кои добиле договори пораснал за само 12 %, од 765 на 853 компании. Овој тренд укажува дека зголемената потрошувачка во здравството не довела до поширока конкуренција, туку средствата и понатаму се концентрираат кај ограничен број добавувачи.**



Во Република Северна Македонија, сите 110 здравствени установи вршат набавки за сопствените потреби. Притоа, само Министерството за здравство и Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи – Скопје спроведуваат централизирани набавки за повеќе институции.

Вкупната вредност на јавните набавки во здравството бележи поголем раст од јавните набавки воопшто. Имено, во периодот 2015 – 2024 година, општата вредност на јавните набавки има раст од 76 %, а во секторот здравство – од 118 % . Притоа, учеството на јавните набавки за здравството во вкупниот обем на набавките во земјата изнесува високи 22 %.

Во вкупната вредност на договорите за јавни набавки, покрај лекови, медицински материјали и опрема, се вклучени и сите набавки кои се неопходни за нормално функционирање на јавните здравствени установи, како на пример енергенси, канцелариски материјал, одржување на хигиената итн.

Прашањето на конкуренцијата во јавните набавки во здравството е од клучно значење затоа што, во услови кога таа изостанува, финансиските ресурси и моќта се концентрираат кај мал број фирми. Намалената конкуренција и високата концентрација водат кон поголеми цени на лековите и материјалите, кон намалена разновидност и достапност на производите, забавена иновација и зголемен ризик од корупција.

2 За обемот на јавните набавки во здравството, подетално прочитајте во истражувањето „Јавното здравство троши сè повеќе, а дава сè помалку“.

Првиот параметар што е анализиран во ова истражување е бројот на фирмите со коишто се склучени договорите за јавни набавки. Во периодот од 10 години, тој се движи од 765 во 2015 година до 853 во 2024 година. Произлегува дека големиот раст на вредноста на склучените договори за јавни набавки во секторот здравство не е пропорционално следен со раст и на бројот на фирми. Па така, ако порастот на вредноста на склучените договори изнесува 118 %, порастот на бројот на фирмите кои добиле договори изнесува само 12 %. Ова укажува дека зголемените буџетски средства не довеле до влез на нови поголеми добавувачи, туку постојните компании ја консолидирале својата позиција.

Произлегува дека во 2024 година, секоја четврта фирма која склучила договор за јавна набавка во земјава има договор за јавна набавка од областа на здравството. Поконкретно, во 2024 година, како носители на договори за јавни набавки се јавуваат 3.551 фирма, а во секторот здравство – 853 од нив.

## Вредност на јавните набавки наспроти бројот на фирми носители на договорите

| Година | Вредност на склучените договори во денари | Вредност на склучените договори во евра | Број на фирми носители на договори |
|---|---:|---:|---:|
| 2015 | 8.297.320.752 | 134.915.785 | 765 |
| 2016 | 8.706.689.848 | 141.572.193 | 748 |
| 2017 | 7.951.489.927 | 129.292.519 | 739 |
| 2018 | 10.438.161.082 | 169.726.196 | 772 |
| 2019 | 10.652.420.224 | 173.210.085 | 895 |
| 2020 | 10.153.744.022 | 165.101.529 | 824 |
| 2021 | 16.764.439.295 | 272.592.509 | 782 |
| 2022 | 11.627.558.565 | 189.065.993 | 787 |
| 2023 | 19.087.345.180 | 310.363.336 | 869 |
| 2024 | 18.048.613.864 | 293.473.396 | 853 |

Значајно е да се нагласи дека пресметките за вредноста на јавните набавки на ниво на компании се направени врз основа на вредноста на склучените договори, и тоа од две клучни причини. Прво, известувањата за реализираните договори се доставуваат во Електронскиот систем за јавни набавки само во последните шест години, односно по донесувањето на новиот Закон за јавните набавки во 2019 година. Второ, податоците за реализираните договори не секогаш содржат целосни и прецизни информации, што ја ограничува можноста за нивна систематска анализа.

**Во периодот 2015 – 2024 година, со растот на вредноста на тендерите, се забележува мала промена во структурата на фармацевтските компании кои имаат најголем удел на пазарот на јавни набавки во здравството. Во 2015 година, десетте најголеми фирми добиле договори во вредност од 83 милиони евра и учествувале со 62 % во вкупната вредност на договорите, додека во 2024 година добиле 145 милиони евра и имаат удел од 49 %. Ова укажува на умерено намалување на концентрацијата. Воедно, пазарот е доминиран од неколку големи добавувачи кои низ годините ја зацврстиле својата позиција.**

Во 2015 година, десетте компании со најголем удел во јавните набавки во здравството склучиле договори со вкупна вредност од 83,4 милиони евра, односно од приближно две третини (62 %), додека остатокот од 38 % бил распределен меѓу останатите 755 фирми. На врвот биле „Алкалоид Конс“ со 14,7 милиони евра, а по него следува „Д-р Пановски“ со 11,7 милиони евра. Над 10 милиони има и компанијата „Биотек“. Во првата десетка се и „Феникс Фарма“, „Зегин“, „Промедика“, „Авицена“, „Фарма Трејд“, „Елбијор“ и „Македонијалек“.

### Топ 10 компании со најголеми удели во јавните набавки во здравството во 2015 година

| Назив на компанијата | Вредност на договорите во денари | Вредност на договорите во евра | Удел во набавките во здравството |
|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 903.832.011 | 14.696.455 | 11 % |
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 718.873.748 | 11.689.004 | 9 % |
| БИОТЕК ДОО Скопје | 670.032.082 | 10.894.831 | 8 % |
| ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 581.022.244 | 9.447.516 | 7 % |
| ТД ЗЕГИН ДОО Скопје | 545.913.355 | 8.876.640 | 7 % |
| ПРОМЕДИКА ДОО Скопје | 468.417.270 | 7.616.541 | 6 % |
| АВИЦЕНА ДОО Скопје | 404.995.027 | 6.585.285 | 5 % |
| ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје | 295.313.429 | 4.801.844 | 4 % |
| ЕЛБИЈОР ДООЕЛ Скопје | 272.370.529 | 4.428.789 | 3 % |
| МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 268.976.972 | 4.373.609 | 3 % |
| **Вкупно** | **5.129.746.667** | **83.410.515** | **62 %** |

Алкалоид Конс е на врвот и во 2024 година, со вредност од 40,6 милиони евра, што е раст на вредноста на тендерите во последните десет години од 177 %. По него повторно е „Д-р Пановски“, со уште повисок скок на вредноста на склучените договори од 212 %, на износ од 36,5 милиони евра. Непроменета е и компанијата на трето место, „Биотек“, со раст од 37 % и вредност на договорите од речиси 15 милиони евра. На 4-тото место во 2024 година ја нема „Феникс Фарма“, но тоа е резултат на динамиката со која се склучуваат договорите за јавна набавка. Имено, вредносно

најголемите договори оваа фирма ги склучува за набавка на инсулин и на друг медицински материјал за третман на болните од дијабетес. Договорот склучен во 2023 година е двогодишен и ја покрива и 2024 година.

## Топ 10 компании со најголеми удели во јавните набавки во здравството во 2024 година

| Назив на компанијата | Вредност на договорите во денари | Вредност на договорите во евра | Удел во набавките во здравството |
|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 2.499.440.229 | 40.641.305 | 14 % |
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 2.244.921.875 | 36.502.795 | 12 % |
| БИОТЕК ДОО Скопје | 917.185.956 | 14.913.593 | 5 % |
| АВИЦЕНА ДОО Скопје | 691.887.697 | 11.250.206 | 4 % |
| ФАРМА ТРЕЈД  ДООЕЛ Скопје | 619.145.187 | 10.067.401 | 3 % |
| ПРОМЕДИКА ДОО Скопје | 417.162.448 | 6.783.129 | 2 % |
| МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 397.010.981 | 6.455.463 | 2 % |
| ЦАРСО ПХАРМ ДООЕЛ Илинден | 384.370.951 | 6.249.934 | 2 % |
| ГАЛИНОС ФАРМ ДОО Илинден | 375.645.474 | 6.108.056 | 2 % |
| СИНЕРЏИ МЕДИКАЛ ДОО Скопје | 372.770.804 | 6.061.314 | 2 % |
| **Вкупно** | **8.919.541.602** | **145.033.197** | **49 %** |

Иако уделот на првите десет компании во вкупната вредност на јавните набавки во здравството бележи благо намалување – од 62 % во 2015 година на 49 % во 2024 година – концентрацијата и понатаму е висока. Намалувањето не произлегува од засилена конкуренција, туку од значителен раст на вкупната вредност на набавките, кој го надминува растот на уделите на поединечните фирми. Во суштина, пазарната структура останува речиси непроменета, што потврдува дека зголемените буџетски средства не довеле до суштинско проширување на кругот на добавувачи.

Оваа состојба укажува дека, и покрај растот на вкупната вредност на јавните набавки и благото ширење на пазарот, концентрацијата останува значајна и конкуренцијата е ограничена, што го поставува контекстот за подлабоката анализа на водечките компании во следниот наод.

За да се добие појасна слика за состојбите, уделот на десетте компании е анализиран и само во однос на набавките на лекови, на медицински потрошен материјал, на медицинската опрема и нејзиното одржување, а не и на другите трошоци кои се наметнуваат за функционирање на јавните здравствени институции, како што се градежните работи, енергенси, канцелариски материјали, одржување на хигиената, храна, униформи, осигурување итн. Во ваков сооднос, уделот на првите 10 компании во 2015 година изнесувал 76 %, а во 2024 година 63 %.

**Две компании – „Алкалоид Конс“ и „Д-р Пановски“, во последната деценија ја зацврстиле својата доминација во јавните набавки во здравството и сега контролираат една четвртина од вкупната вредност на тендерите во овој сектор. Нивниот удел се зголемува на третина кога се анализираат само набавките на лекови, медицински потрошен материјал, медицинска опрема и слично, односно кога се анализира јадрото на здравствените набавки.**

Во периодот 2015 – 2024 година се забележува дека две компании, „Алкалоид Конс“ и „Д-р Пановски“, го зголемиле својот удел во јавните набавки значително побрзо од останатите фирми.

Во 2015 година, двете компании имале склучено договори во вкупна вредност од 26,4 милиони евра, а во 2024 година, вредноста на нивните договори е зголемена речиси за три пати и изнесувала 77,1 милиони евра. Со вака склучените договори во 2015 година, двете компании имале удел во вкупните јавни набавки во здравството од 20 %, за во 2024 година нивниот удел да се искачи на дури 26 %. Поединечно, и двете компании имаат скок во уделот во јавните набавки од по 3 процентни поени. Овој раст е особено значаен ако се знае дека е проследен и со огромен раст на вредноста на јавните набавки.

**Вредност на договорите за јавни набавки (во евра)**




Уделот од 26 % „Алкалоид Конс“ и „Д-р Пановски“ го имаат во вкупната вредност на договорите за јавни набавки во која, покрај лекови, медицински материјали и опрема, се вклучени и сите набавки кои се неопходни за нормално функционирање на јавните здравствени установи.

Кога од вкупните набавки на јавните здравствени установи би се исклучиле градежните работи, енергенсите, канцелариските материјали, одржувањето на хигиената, храната, униформите, осигурувањето итн., а би останале лековите, сите видови на медицински потрошен материјал, медицинската опрема и нејзиното одржување, тогаш уделот на овие две компании би изнесувал 33 %.

**Во изминатата декада, само 10 фирми добиле договори за јавни набавки во секторот здравство во вредност од над 1 милијарда евра, односно повеќе од половина (53 %).**

Во изминатите десет години, само десет компании добиле договори за јавни набавки во здравствениот сектор во вкупна вредност од над 1 милијарда евра, што претставува повеќе од половина (53 %) од целокупната вредност на сите тендери во овој период. Овој податок јасно укажува дека пазарот на јавните набавки во здравството е високо концентриран и дека најголемиот дел од буџетските средства се слеваат кај ограничен број добавувачи.

## 10 фирми со најголема вредност на јавните набавки во здравствениот сектор (2015 – 2024)

| Фирма | Вкупен износ денари | Вкупен износ евра | Удел |
|---|---|---|---|
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 14.506.305.417 | 235.874.885 | 11,9 % |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 14.341.955.218 | 233.202.524 | 11,8 % |
| ПРОМЕДИКА ДОО Скопје | 5.816.978.806 | 94.585.021 | 4,8 % |
| ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 5.489.872.959 | 89.266.227 | 4,5 % |
| АВИЦЕНА ДОО Скопје | 5.678.616.405 | 92.335.226 | 4,7 % |
| БИОТЕК ДОО Скопје | 5.826.595.697 | 94.741.393 | 4,8 % |
| ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје | 4.348.079.241 | 70.700.475 | 3,6 % |
| МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 3.342.765.399 | 54.353.909 | 2,7 % |
| ЗЕГИН ДОО Скопје | 2.929.979.541 | 47.641.944 | 2,4 % |
| СИНЕРЏИ МЕДИКАЛ ДОО Скопје | 2.233.469.250 | 36.316.573 | 1,8 % |
| **Вкупно** | | **1.049.018.178** | **53,0 %** |

Во текот на анализираниот период 2015 – 2024 година, структурата на првите десет компании останува исклучително стабилна, со мали промени во нивниот состав и рангирање. Овие податоци потврдуваат дека јавните набавки во здравството во последните десет години се одвивале во услови на висока пазарна стабилност, но ниска конкурентност, при што неколку компании ја диктираат динамиката и вредноста на договорите. Ваквата структура носи ризици поврзани со зависност од мал број добавувачи, потенцијално послаба пазарна конкуренција и намалена ефикасност на јавната потрошувачка.

**Низ годините расте вредноста на тендерите што најголемите добавувачи во здравството ги добиваат во постапки во кои биле единствени понудувачи и немале конкуренција. Просечно гледано, ако пред 5 години најголемите фармацевтски компании немале конкуренција во третина од вредност на договорите (33 %), сега ја немаат во повеќе од половина од склучените договори (55 %).**

Трендот на раст на набавките со само еден понудувач е еден од најсилните индикатори за зголемен корупциски ризик во здравството. Наместо тендерите да обезбедуваат најповолна цена и квалитет преку натпревар на повеќе понудувачи, тие се претвораат во механизам за пренос на јавни средства кон ограничен круг економски актери.

Вредноста на склучените договори во кои големите компании биле единствени понудувачи е во постојан раст. Поконкретно, ако во 2020 година договорите во кои „Д-р Пановски“ биле единствен понудувач учествувале со 39,7 % во вкупно добиените, во 2025 година овој удел изнесува 62,5 %. Во случајот со „Алкалоид Конс“ тој раст е уште понагласен и уделот на договори во коишто отсуствувала конкуренцијата во една декада е зголемен од 16,2 % на 63,2 %.

## Вредносен удел на договорите за јавни набавки склучени без конкуренција

| Назив на компанијата | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 39,7 % | 43,0 % | 47,6 % | 53,1 % | 62,5 % |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 16,2 % | 37,4 % | 19,1 % | 55,9 % | 63,2 % |
| ПРОМЕДИКА ДОО Скопје | 29,3 % | 24,3 % | 39,0 % | 43,6 % | 48,0 % |
| ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 29,7 % | 79,6 % | 22,9 % | 90,0 % | 42,4 % |
| АВИЦЕНА ДОО Скопје | 78,4 % | 79,3 % | 73,9 % | 87,5 % | 80,5 % |
| БИОТЕК ДОО Скопје | 41,1 % | 44,9 % | 56,3 % | 62,3 % | 55,3 % |
| ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје | 24,7 % | 60,9 % | 34,3 % | 68,9 % | 52,9 % |
| МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 13,4 % | 11,2 % | 10,3 % | 17,7 % | 21,7 % |
| ЗЕГИН ДОО Скопје | 13,5 % | 21,2 % | 24,3 % | 43,2 % | 39,2 % |
| СИНЕРЏИ МЕДИКАЛ ДОО Скопје | 47,1 % | 74,1 % | 62,4 % | 65,5 % | 84,2 % |

Највисок удел на договори во кои биле единствени понудувачи имаат склучено „Синерџи Медикал“ и „Авицена“. Поконкретно, кај „Синерџи Медикал“ овој тренд се движи од 47,1 % во 2020 година до 84,2 % во 2024 година, а кај „Авицена“ нивото било исклучително високо и во 2020 година и изнесувало 78,4 %, а во 2024 година се искачува на 80,5 %.

Генерално, големиот раст на вредноста на јавните набавки во здравство го следат сè помал број понудувачи на тендерите. Речиси половина од вредноста на договорите се склучуваат низ тендерски постапки во кои имало по само еден понудувач. Отсуството на конкуренција има потенцијал

да го концентрира богатството и влијанието меѓу мала група доминантни играчи и да доведе до зголемени цени, намален квалитет на здравствените услуги за пациентите и намалена разновидност на лекови.

Податоците покажуваат дека просечниот број понуди на тендерите во здравството за само пет години паднал од 3,30 понуди по тендер (2020 година) на 2,64 понуди (2024 година). Овој пад значи дека сè помалку компании воопшто се натпреваруваат на тендерите, што го намалува ефектот на јавните набавки како механизам за ефикасно трошење. Притоа, падот во секторот здравство е поголем отколку во вкупниот систем на јавни набавки во државата, што укажува дека токму здравствениот сектор е особено ранлив. Намалената конкуренција значи помал избор на добавувачи, послаби услови за цената и квалитетот и зголемен ризик од создавање „затворен пазар“ во кој доминираат една или неколку фирми.

Еден од клучните индикатори за проценка на ризиците од корупција е токму конкуренцијата и уделот што во вкупните набавки го имаат тендерите склучени со единствениот понудувач.

Податоците за просечниот број понуди се пресметани за периодот 2020 – 2024 година, односно за периодот по донесувањето на новиот Закон за јавните набавки. Што се однесува на претходно, овие податоци од ЕСЈН не можат да се преземат во целост бидејќи се составен дел од т.н. евиденции на постапките со барање за прибирање понуди.

Конкуренцијата во секторот здравство е секогаш пониска од општата конкуренција во јавните набавки во земјата. Така, ако во Република Северна Македонија просечниот број понуди во периодот 2020 – 2024 се движи од 3,58 до 2,82, во здравството е од 3,30 до 2,64.



**Гледано на ниво на програми, набавката на лекови и на потрошен материјал за третирање дијабетес ја следи двојно зголемување на трошоците и раст на доминацијата на една фирма.**

Вредноста на јавните набавки на инсулин и потрошен материјал за третирање дијабетес за периодот 2015 – 2016 година изнесувала 22 милиони евра, а за 2023 – 2024 година достигнува вредност од 39 милиони евра. Ако се направи споредба на фирмите носители на овие договори во период од 10 години, произлегува дека 5 од 7-те фирми со кои се склучени договорите се непроменети. Притоа, ако во 2016 година уделот на „Феникс Фарма“ во вкупната вредност на овие договори од 7,5 милиони евра изнесува 34 %, во тендерите спроведени за потребите на пациентите во 2023 – 2024 година уделот на таа фирма е зголемен на околу 19,5 милиони евра, односно на 52 %.

## Фирми носители на договорите за набавка на инсулин и потрошен материјал за дијабетес 2015 - 2016




## Фирми носители на договорите за набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал 2023 - 2024






Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

За периодот 2023 – 2024 година, 7 од 12 склучени договори за набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот јануари 2023 година до декември 2024 година се склучени со доставена по само една понуда во одделните делови од тендерот. Притоа, вредноста на овие договори со само една понуда изнесува 1.998.052.593 денари, што е 83,29 % од вредноста на сите 12 договори, која изнесува 2.398.973.793 денари. Податоците за бројот на понудувачи во тендерот спроведен во 2014 година не се релевантни бидејќи во тоа време не се објавуваа податоци за бројот на понуди на ниво на дел од тендерот, туку за целиот тендер.

**Пазарот на вакцини е високо концентриран, и дури 75 % од вредноста на вакцините се обезбедуваат од една фирма. Дури 97 % од вредноста на договорите за имунизација на населението во периодот јануари 2024 – декември 2026 година се склучени во постапки во кои била доставена по само една понуда.**

Ако вредноста на склучените договори за набавка на вакцини за период од две години во 2015 и 2016 година изнесувала 3,9 милиони евра, тогаш за набавка на вакцините за период од три години, односно од јануари 2024 до декември 2026, се склучени договори од 17,5 милиони евра. Во набавките драстично се сменети главните носители на договорите. Така, ако во 2015 година, носител на 74 % од вредноста на договорите е „Елбијор“, 10 години потоа главниот збор со удел од 74 %, што значи 12,3 милиони евра, го има „Алкалоид Конс“.

## Фирми носители на договорите за набавка на вакцини за континуирана имунизација и имунизација по епидемиолошки индикации на населението

### 2015 - 2016




### 2024 - 2026




Ако во 2015 година на второ место била „Македонијалек“, сега таа позиција ја зазема „Д-р Пановски“.

**Во 2024 година, договорите за набавка на лекови за ретки болести се склучени со 11 фирми, но 4 од нив се носители на 86 % од вредноста на тендерите. Половина од вредноста на договорите е склучена во тендерски постапки во коишто изостанала конкуренцијата.**

Трошоците за лекови за ретки болести во последната декада скокнале од 90 милиони денари на 1 милијарда денари (или од 1,5 на 19 милиони евра). Во периодот од 10 години, со растот на вредноста на набавките за лековите за ретки болести, растел и се менувал и бројот на добавувачи. Во 2015 година, на листата од 7 добавувачи доминирал „Зегин“, за разлика од 2024 година, каде што поголем удел имаат 4 фирми.

## Фирми носители на договорите за набавка лекови за ретки болести во 2015 година




Во 2024 година, листата на фирми со кои се склучени договорите за набавка на лекови за ретки болести брои 11 економски оператори. Но, сепак значаен дел од вредноста на договорите им припаѓа на само 4. Ова е тренд кој може да се воочи и во претходните неколку години.

## Фирми носители на договорите за набавка лекови за ретки болести во 2014 година



Во однос, пак, на конкуренцијата, во постапки во кои била доставена по само една понуда се склучени договори во вредност од 590.483.150 денари (9,6 милиони евра).

### Во набавките на реагенси, тестови и материјали за лабораториски испитувања – три фирми контролираат 86 % од пазарот кај јавните здравствени институции.

„Авицена“ и „Биотек“ се доминантни во тендерите за набавка на реагенси и тестови. Станува збор за тендери кои во голем дел се само формалност бидејќи се спроведуваат за веќе одбран апарат, што значи дека е јасно кој ќе го добие тендерот уште пред да почне постапката. Апаратите се претходно добиени како донација, земени на користење од фирми кои продаваат реагенси, или, пак, купени. Набавката на реагенси и тестови на годишно ниво достигнуваат вредност и до 29 милиони евра. Во текот на 10 години, трошоците за реагенси и тестови се зголемиле за 81 %[3].

Во периодот од последните 5 години за кои постојат прецизни податоци за конкуренцијата, уделот на тендерите со една понуда се движи помеѓу 70 % и 80 %.

Како што може да се види од следниот приказ, во 2015 година доминирала „Биотек“, со склучени договори во вредност од 8,6 милиони евра и удел од 54 %. По него е „Авицена“, со удел од 24 %. 10 години подоцна, односно во 2024 година, Биотек е и натаму прв, со раст на вредноста на договорите до износ од 9,5 милиони евра, но со удел намален на 33 %. Веднаш зад него е „Авицена“, со удел од 32 % и вредност на склучени договори во износ од околу 9,1 милион евра.

## Фирми носители на договорите за набавка на реагенси и тестови




3 Повеќе детали можат да се прочитаат во истражувањето за корупциските ризици во јавните набавки во здравствениот сектор во периодот од 2015 до 2024 година „Јавното здравство троши сè повеќе, а дава сè помалку“.

**Примената на црвеното знаменце на Бирото за јавни набавки, наречено „колузија и договарање“, каде што индикатор е високата концентрација на доделени договори кај еден или мал број понудувачи, ги исфрла во црвената зона дури 9 од 10-те јавни здравствени установи со најголем обем на тендерите.**

**Министерството за здравство** во 2024 година има склучено договори во вредност од 42,8 милиони евра и 64 % од нив отпаѓаат само на шест фирми. Овој удел е уште поголем ако се направи приказ на состојбата во 2023 година, кога била спроведена двегодишната набавка на инсулин и на потрошен материјал за третирање дијабетес. Тогаш уделот на шест фирми: „Алкалоид Конс“, „Феникс Фарма“, „Д-р Пановски“, „Фарма Трејд“, „Царсо Пхарм“ и „Македонијалек“ изнесува дури 80 %. .

## Приказ на концентрацијата на доделените договори на Министерството за здравството во 2024 година

| Назив на компанија | Вредност на склучени договори во денари | Вредност на склучени договори во евра | Процент на добиени тендери |
|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 568.476.773 | 9.243.525 | 21,6 |
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 286.318.206 | 4.655.581 | 10,9 |
| СТЕНТОН ГРАДБА ДОО Битола | 282.610.000 | 4.595.285 | 10,7 |
| ЕУРО - ФАРМ ДООЕЛ Битола | 200.375.488 | 3.258.138 | 7,6 |
| ЦАРСО ПХАРМ ДООЕЛ Илинден | 191.296.014 | 3.110.504 | 7,3 |
| ЕКСПЕКТА МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје | 162.288.350 | 2.638.835 | 6,2 |
| **Вкупно** | **1.691.364.831** | **27.501.867** | **64,3** |



**Клиниката за радиотерапија и онкологија** во 2024 година има склучено договори во вредност од 31,8 милиони евра. Притоа, шесте фирми со најголема вредност на договорите вкупно добиле 28 милиони евра и имаат удел од дури 89 %. Овде, уделот е исклучително висок и на првите две фирми, АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје и АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје.

### Приказ на концентрацијата на доделените договори во Клиника за радиотерапија и онкологија во 2024 година

| Назив на компанија | Вредност на склучени договори во денари | Вредност на склучени договори во евра | Процент на добиени тендери |
|---|---|---|---|
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 1.024.863.802 | 16.664.452 | 52,3 |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 424.182.541 | 6.897.277 | 21,7 |
| ЦАРСО ПХАРМ ДООЕЛ Илинден | 101.536.766 | 1.651.004 | 5,2 |
| ВАРУС ДООЕЛ Скопје | 85.859.786 | 1.396.094 | 4,4 |
| БИ-МЕК ДОО Скопје | 54.445.705 | 885.296 | 2,8 |
| ГАЛИНОС ФАРМ ДОО Илинден | 51.052.085 | 830.115 | 2,6 |
| **Вкупно** | **1.741.940.685** | **28.324.239** | **89,0** |

**Клиниката за детски болести** во 2024 година има склучено договори во вредност од речиси 16 милиони евра. Притоа, кај оваа клиника, шесте фирми со најголема вредност на тендерите имаат договори во вредност од 12,3 милиони евра и удел од 76,8 %. Кај оваа клиника е многу висок и уделот на една фирма, односно на АЛКАЛОИД КОНС, од дури 56,8 %.

### Приказ на концентрацијата на доделените договори во Клиника за детски болести во 2024 година

| Назив на компанија | Вредност на склучени договори во денари | Вредност на склучени договори во евра | Процент на добиени тендери |
|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 557.061.929 | 9.057.918 | 56,8 |
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 48.371.912 | 786.535 | 4,9 |
| БИОТЕК ДОО Скопје | 41.394.905 | 673.088 | 4,2 |
| ЕУРО - ФАРМ ДООЕЛ Битола | 41.057.308 | 667.599 | 4,2 |
| ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје | 33.765.505 | 549.033 | 3,4 |
| ФАРМАХЕМ ДООЕЛ Скопје | 32.441.367 | 527.502 | 3,3 |
| **Вкупно** | **754.092.926** | **12.261.674** | **76,8** |

**Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар** има најразлична структура и кај неа на прво место е државната ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје за набавка на електрична енергија. Инаку, и во оваа јавна здравствена установа уделот на првите шест изнесува 58,3 %.

## Приказ на концентрацијата на доделените договори во Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи... во 2024 година

| Назив на компанија | Вредност на склучени договори во денари | Вредност на склучени договори во евра | Процент на добиени тендери |
|---|---|---|---|
| ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје | 165.200.000 | 2.686.179 | 22,5 |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 70.886.791 | 1.152.631 | 9,7 |
| ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО Скопје | 64.244.230 | 1.044.622 | 8,8 |
| МЕДИЦАЛ АДВАНЦЕ ДООЕЛ Скопје | 53.337.581 | 867.278 | 7,3 |
| ВИЗИОМЕД ГБГ ДООЕЛ Скопје | 42.925.188 | 697.971 | 5,8 |
| ЕКОУРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ | 31.695.952 | 515.381 | 4,3 |
| **Вкупно** | **428.289.742** | **6.964.061** | **58,3** |

**Клиниката за хематологија** во 2024 година има склучено договори во вредност од 11 милиони евра. Притоа, шесте фирми со најголема вредност на договорите вкупно добиле 9,2 милиони евра и имаат удел од дури 83,6 %. Овде уделот е исклучително висок и на една фирма, АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје, и изнесува 58,9 %.

## Приказ на концентрацијата на доделените договори во Клиника за Хематологија во 2024 година

| Назив на компанија | Вредност на склучени договори во денари | Вредност на склучени договори во евра | Процент на добиени тендери |
|---|---|---|---|
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 398.830.294 | 6.485.045 | 58,9 |
| МЕДИТРЕЈД 94 ДООЕЛ Скопје | 56.578.768 | 919.980 | 8,4 |
| МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 38.571.869 | 627.185 | 5,7 |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 29.803.030 | 484.602 | 4,4 |
| ГАЛИНОС ФАРМ ДОО Илинден | 25.249.126 | 410.555 | 3,7 |
| ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје | 17.226.697 | 280.109 | 2,5 |
| Вкупно | **566.259.784** | **9.207.476** | **83,6** |

**Клиниката за кардиологија** во 2024 година има склучено договори за јавни набавки во вредност од 9,6 милиони евра, од нив речиси 6,9 милиони, односно 71,4 % им припаѓаат на шест фирми.

### Приказ на концентрацијата на доделените договори во Клиника за кардиологија во 2024 година

| Назив на компанија | Вредност на склучени договори во денари | Вредност на склучени договори во евра | Процент на добиени тендери |
|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 129.222.816 | 2.101.184 | 21,8 |
| БИО МЕДИКА ДООЕЛ Скопје | 80.160.413 | 1.303.421 | 13,5 |
| ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје | 74.220.775 | 1.206.842 | 12,5 |
| МАКМОНТ ДООЕЛ Скопје | 49.796.000 | 809.691 | 8,4 |
| СИНЕРЏИ МЕДИКАЛ ДОО Скопје | 45.855.717 | 745.621 | 7,7 |
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 43.585.208 | 708.703 | 7,4 |
| **Вкупно** | **422.840.929** | **6.875.462** | **71,4** |

**Клиниката за неврологија** има убедливо највисоко ниво на концентрација на шесте фирми, и тоа од високи 91,1 %. Оваа концентрација е резултат на тоа што од вкупно склучените договори за јавни набавки во вредност од околу 7,2 милиони евра, дури 6,5 милиони евра се со шест фирми. Во оваа клиника голема е концентрација и на првите три фирми со поединечни удели од 32,9 % до 16,4 %.

### Приказ на концентрацијата на доделените договори во Клиника за неврологија во 2024 година

| Назив на компанија | Вредност на склучени договори во денари | Вредност на склучени договори во евра | Процент на добиени тендери |
|---|---|---|---|
| ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје | 144.991.476 | 2.357.585 | 32,9 |
| ВАРУС ДООЕЛ Скопје | 124.657.344 | 2.026.949 | 28,3 |
| ЕУРО - ФАРМ ДООЕЛ Битола | 72.175.052 | 1.173.578 | 16,4 |
| ЗЕГИН ДОО Скопје | 35.754.554 | 581.375 | 8,1 |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 13.106.888 | 213.120 | 3,0 |
| ПРОМЕДИКА ДОО Скопје | 10.199.166 | 165.840 | 2,3 |
| **Вкупно** | **400.884.480** | **6.518.447** | **91,1** |



NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

**Институтот за трансфузиона медицина** во 2024 година има склучено договори во вредност од 6,7 милиони евра. Притоа, шесте фирми со најголема вредност на тендерите од околу 5,5 милиони евра имаат удел од 81,7 %. И кај оваа јавна здравствена установа исклучително се високи и поодделните удели на фирми, со што првите две фирми заедно имаат удел од речиси половина од тендерите.

### Приказ на концентрацијата на доделените договори во Институт за трансфузиона медицина во 2024 година

| Назив на компанија | Вредност на склучени договори во денари | Вредност на склучени договори во евра | Процент на добиени тендери |
|---|---|---|---|
| АВИЦЕНА ДОО Скопје | 117.654.434 | 1.913.080 | 28,5 |
| БИОТЕК ДОО Скопје | 87.634.910 | 1.424.958 | 21,2 |
| ДИАХЕМ ДОО Скопје | 50.017.649 | 813.295 | 12,1 |
| ФАРМАХЕМ ДООЕЛ Скопје | 38.180.841 | 620.827 | 9,2 |
| АД Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 30.929.107 | 502.912 | 7,5 |
| БИОМЕДИКА ДИЈАГНОСТИКА ДООЕЛ Скопје | 13.150.515 | 213.830 | 3,2 |
| **Вкупно** | **337.567.456** | **5.488.902** | **81,7** |

Меѓу десетте најголеми јавни здравствени институции со високо ниво на концентрација кај ограничен број на фирми е и **Здравствен дом Скопје**. Во 2024 година има склучено вкупно договори за јавни набавки во вредност од 6,3 милиони евра. Притоа, 61,7 % од вредноста на тендерите, односно околу 3,9 милиони евра се склучени со шест фирми.

### Приказ на концентрацијата на доделените договори на Здравствен дом Скопје во 2024 година

| Назив на компанија | Вредност на склучени договори во денари | Вредност на склучени договори во евра | Процент на добиени тендери |
|---|---|---|---|
| ЕКСПЕКТА МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје | 99.851.600 | 1.623.603 | 25,8 |
| АВИЦЕНА ДОО Скопје | 77.467.000 | 1.259.626 | 20,0 |
| СПИДЕР ГРУП ДООЕЛ Скопје | 21.240.000 | 345.366 | 5,5 |
| МАКС ФЛАМ ДООЕЛ Скопје | 14.160.000 | 230.244 | 3,7 |
| ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје | 14.124.600 | 229.668 | 3,6 |
| БИОТЕК ДОО Скопје | 12.213.000 | 198.585 | 3,2 |
| **Вкупно** | **239.056.200** | **3.887.093** | **61,7** |

Ваквото ниво на концентрација укажува дека јавните здравствени установи зависат во голема мера од ограничен број добавувачи, што ја намалува преговарачката моќ на институциите и ја зголемува веројатноста за појава на координирано однесување меѓу фирмите или на понуди со помала конкурентност.